| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и дата на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Музичко изразување и творење (слободно музичко изразување, творење/ создавање). | Поврзува мелодија и ритам со движења. | 1 | **Воведни активности – активирање на предзнаењата:**<br>На учениците им се покажуваат слики од приказната „Петре и волкот“. За која приказна станува збор? Накратко се пресаскажува содржината: Младиот Петре поминува некое време во куќата на својот дедо, која, пак, е сместена во шума. Еден ден тој не сакајќи ќе ја остави вратата од дворот отворена, и покрај тоа што дедото ќе го предупреди да не го прави тоа бидејќи во шумата живее опасен волк. Петре во тоа нема да верува, но кога навистина ќе се појави волкот, тогаш почнува неговата авантура, обидувајќи се да го фати. Се запознаваат со целта. (5 мин.)<br>**Главна активност – искуствено учење:**<br>На учениците им се покажува пример за драматизација на приказната „Петре и волкот“.<br>(Пример за наставникот: https://youtu.be/J8wMOkP816Y – „Петре и волкот“).<br>Наставникот ја чита приказната, а учениците според своите поделени улоги ја драматизираат со движење на претходно направена сценографија. (20 мин.)<br>**Завршна активност – изведување аклучок:**<br>Игра: „Маморија“. Учениците ги сечат картичките, (дадени во прилог на сценариeто). Наставникот ги реди на масата. Со броеница се избира ученик кој ќе открие прво една, а потоа уште една карта. Доколку го погоди парот на ликот и инструметот со кој е прикажан во приказната, открива друг пар карти. Доколку не го погоди продолжува друг ученик. (10 мин.)<br>**Рефлексија:**<br>Што правевме денес? Како се чувствувате? Како се чувствувавте додека ја драматизиравте приказната? Каква е музиката на Петре? Каква е музиката на дедото? Дали движењата ги поврзавте со мелодијата и ритамот? ... (Прашањата наставникот може да ги менува и да ги прилагоди како би добил реална слика за совладаноста на | Слики<br>Карти за игра „Меморија“<br>Ножица<br>Лепак<br>Картон<br><br>уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи (компјутер со пристап до интернет, звучници, ЛЦД-проектор); | - усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците;<br>- индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри);<br>- практичната изведба во група. |


resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | поставените стандарди) (5 мин.) | | |

1

Птица

2

Патка

3

Мачка

4

Волк

5

Дедо

6

Ловции

7

Петар

1

Флејта

2

Обоа

3

Кларинет

4

Хорна

5

Фагот

6

Тимпани

7

Виолина

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и дата на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Детски ритмички и мелодиски инструменти (ритмички стапчиња, барабан, тропалки, триангл, чинели, дајре, тапани во различни големини, кастањети, гонг, чинели, ксилофон, маракас, металофон, мелодика, блок флејта/шупелка) | Го следи ритамот при изведување броеници и песни, произведувајќи звук со своерачно изработени тропалки, предмети и детски ритмички инструменти. | 1 | **Воведни активности – активирање на предзнаењата:**<br>Пред учениците на маса се поставени детски ритмички инструменти (се поставуваат и ритмички инструменти изработени од учениците) и се покриени со чаршавче. Секој ученик ги допира поставените инструменти под чаршавчето, без да ги гледа, и треба да погоди што фаќа со рацете. Исказите на учениците се запишуваат. Потоа наставникот ги открива инструментите и секој ученик бира инструмент со кој ќе ја придружува песната која следи во натамошната активност. Се запознаваат со целта. (8 мин.)<br>**Главна активност – искуствено учење:**<br>Наставникот преку видео презентација ги запознава учениците со содржината на песната „Ѕвездулка“.<br>https://www.youtube.com/watch?v=xoZYy58AkO4 Ѕвездулка<br>Ѕвездулка (текст):<br>Една мала ѕвездулка, свети како светулка.<br>Кога спие сонцето, свети пак на небото.<br>Таа мала ѕвездулка, сладок сон ни донела.<br>Една таква ѕвездулка, личи како светулка.<br>Штом си легне сонцето трепка пак на небото.<br>Таа мала ѕвездулка, свети како светулка.<br>Убав сон на перничка шепна таа ѕвездичка.<br>Очите затворени, соништа отворени.<br>Шепна таа ѕвездулка, светла како светулка.<br>Нани нани детенце, Нани нани детенце).<br>Учениците го следат ритамот, темпото, динамиката и артикулацијата на слушаната песна користејќи детски ритмички инструменти и/или своерачно изработени инструменти. (20 мин.)<br>**Завршна активност – изведување аклучок:**<br>Учениците ги сечат ѕвездите од работниот лист и ги лепат на хамер изработувајќи ѕвздено небо. (7 мин.)<br>**Рефлексија:** | Табла<br>Креда/маркер<br>уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи (компјутер квалитетни звучници, ЛЦД-проектор, паметна (смарт) табла);<br>детски ритмички инструменти<br>чаршавче | - усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците;<br>- индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри);<br>- практичната изведба во група. |





resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Што правевме денес? Што научивте? Како се чувствувавте? Каков е ритамот на слушаната песна? Дали го следевте ритамот на песната? ... (Прашањата наставникот може да ги менува и да ги прилагоди како би добил реална слика за совладаноста на поставените стандарди) (5 мин.) | | |



resursi.literatura.mk

Дневни сценарија по музичко образование 3 одделение Декември

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и дата на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Музичко изразување и творење (слободно музичко изразување, творење/ создавање). | Креира кратки ритмички и мелодиски целини придружени со плескање чекорење или разни видови детски ритмички и мелодиски инструменти. | 1 | **Воведни активности – активирање на предзнаењата:**<br>Наставникот подготвува материјали за изработка на детски ритмички и мелодиски инструменти. (картон, пластични чаши, пластични лажици, ситни зрнести плодови, капачиња, тегллички...).<br>Учениците (во групи), следејќи ги насоките од наставникот изработуваат детски ритмички и мелодоски инструменти. (https://www.youtube.com/watch?v=yrCEqdMfbno https://www.youtube.com/watch?v=rqYgrraKneQ – Видео за наставникот; Пример за изработка на детски инструменти)<br>Учениците се запознаваат со целта (10 мин.)<br>**Главна активност – искуствено учење:**<br>Учениците произведуваат звуци со изработените инструменти. Наставникот кажува збор, а учениците го доловуваат зборот со изработените инструменти (врне, дува ветер, грми, ни студи,...).<br>Наставникот презентира музички примери со специфичен карактер со игрив, бавен, маршов, валсов или пунктиран ритам, а учениците се обидуваат да го изразуваат или следат ритамот со плескање, чекорење или со детските ритмички и мелодиски инструменти. (https://youtu.be/OvYAE5Gk4vY Штом си среќен; **https://www.youtube.com/watch?v=5he1sCixSLM - Twinkle Twinkle Little Star)** (20 мин.)<br>**Завршна активност – изведување аклучок:**<br>Учениците интерпретираат броеници и ги придружуваат со плескање, чекорење или разни видови детски ритмички и мелодиски инструменти. (5 мин.)<br>**Рефлексија:**<br>Што учевме денес? Како се чувствувавте? Која активност ви беше најинтересна? Дали успешно креиравте кратки ритмички и мелодиски целини?... (Прашањата наставникот може да ги менува и да ги прилагоди како би добил реална слика за совладаноста на поставените стандарди) (5 мин.) | картон, пластични чаши, пластични лажици, ситни зрнести плодови, капачиња, теглички уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи (компјутер квалитетни звучници, ЛЦД-проектор, | - усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците;<br>- индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри);<br>- практичната изведба во група. |

Дневни сценарија по музичко образование 3 одделение Декември

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и дата на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Музичко изразување и творење (слободно музичко изразување, творење/ создавање). | Создава едноставни кореографии со елементарни чекори и движења, соодветно на карактерот на музиката.  | 1 | **Воведни активности – активирање на предзнаењата:**<br>Учениците се запознаваат со целта.<br>Учениците најпрво се запознаваат со мексиканскиот танц „Ла Распа“. Ги учат ритмички делови (со помош на чашка) според упатствата: https://www.youtube.com/watch?v=XooeCc6DKgs&ab_channel=RhythmRecess (10 мин.)<br>**Главна активност – искуствено учење:**<br>По совладување на римичкиот образец, учениците ги учат чекорите во танцот, според видеото со упатства: https://www.youtube.com/watch?v=Fl-WcwNJKu0&ab_channel=FolkdanceNoa-am- .<br>Учениците го играат танцот во парови. На почетокот телото е во исправена позиција со рацете на половина. Нозете се движат. А дел: 3+3 пауза 3+3 пауза – ножици. Б дел: вртење во круг со партнерот под рака (2 такта), промена на страната (2 такта). А делот се повторува. Б делот се повторува. (20 мин.)<br>**Завршна активност – изведување аклучок:**<br>Учениците добиваат работен лист на кој се претставени танцувачи на мексиканскиот танц „Ла Распа“. На лицата на танцувачите ги изразуваат емоциите за тоа како се чувствувале додека се движат по ритамот на музиката. Ја обојуваат сликата. (5 мин.)<br>**Рефлексија:**<br>Што учевме денес? Како се чувствувавте? Која активност ви беше најинтересна? ... (Прашањата наставникот може да ги менува и да ги прилагоди како би добил реална слика за совладаноста на поставените стандарди) (5 мин.) | уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи (компјутер квалитетни звучници, ЛЦД-проектор, работен лист прибор за боење | - усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците;<br>- индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри);<br>- практичната изведба во група. |

Снежана Тренчева

resursi.literatura.mk